РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено Барање мислење во однос на тоа дали постои судир на интерес во случај кога **едно лице истовремено е член на Совет на општина и** претседател на невладина организација.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), го издава следното

## М И С Л Е Њ Е

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не предвидува забрана или ограничување за ситуацијата, односно може да ја извршува функцијата член на совет на општина и да биде претседател/овластено лице на невладина организација.

Од друга страна, согласно член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидена е забрана за користење на заеми и други видови поддршка од државата и тоа:

*„**Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице** или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции **не може да биде корисник на** грант, заем односно **финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа."***

Имено, претседател на невладина организација не може да користи финансиска поддршка од државата или единиците на локалната самоуправа. Односно, доколку и понатаму е претседател на невладина организација има забрана за користење на финансиска државна помош.

За повеќе информации, Ве упатуваме на соопштението на ДКСК, објавено на следниот линк: https://dksk.mk/соопштение-7/.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk